Врз основа на Правилникот за начинот и критериумите за организирање и изведување на натпревари по географија во основното образование бр.19-2252/1 од 05.05.2018 година, Извршниот Одбор на Здружението на професори по географија на Македонија „ПРОФ: Д-Р ЉУБЕ МИЛЕНКОВСКИ“– Скопје, на седница одржана на ден 05.02.2023 година, донесе:

# П Р О П О З И Ц И И

## за начинот и критериумите за организирање и изведување на натпревари по географија во основното образование за 2023 година

### Член 1

Со овие пропозиции се утврдува начинот и критериумите за организирање и спроведување на натпреварите по географија за ученици во општинските основни училишта во Република Северна Македонија, на општинско, регионално и државно ниво, критериуми за учество на натпреварите, начинот на вреднување и наградување на учениците и менторите, начинот на доделување на дипломите, потврдите за учество и известувањето за учество на натпреварите.

Преку натпреварите за основното образование во Република Северна Македонија, учениците имаат можност да ги презентираат своите знаења и вештини по географија, застапени во наставните планови и програми за основно образование и слободните активности кои произлегуваат од истите.

### Член 2

Натпреварите по географија за учениците во основно образование се организираат на следните нивоа:

- Општински натпревар
- Регионален натпревар
- Државен натпревар

Пред општинскиот натпревар се организираат училишни натпревари кои се во надлежност на училиштата.

Кај општинските, регионалните и државниот натпревар, учениците се натпреваруваат во областа на теоретското знаење по пат на тестирање.

На натпреварите можат да учествуваат сите ученици од основните училишта во Република Северна Македонија, пријавени преку своите ментори и училишта.

### Член 3

Темите за натпреварите по географија во 2023 година произлегуваат од наставната програма за 6, 7, 8 и 9 одделение.

__Материјал за подготовка за натпреварите за 6 одделение:__ **Учебник по** ***Географија за 6 одделение за основно образование од авторот Бети С. Трајкоска, издадено во 2015 година од МОН***

*Општинските натправари: 04.03.2023 година со почеток во 13:00 часот –* ***Вселена и вселенски тела, Планетата Земја и Ориентација на Земјата***

*Регионални натпревари : 08.04.2023 година со почеток во 10:00 часот –* ***Вселена и вселенски тела, Планетата Земја и Ориентација на Земјата, Литосфера, Атмосфера и Хидросфера***

*Државни натпревари 13.05.2023 со почеток во 10:00 часот –* ***Вселена и вселенски тела, Планетата Земја и Ориентација на Земјата, Литосфера, Атмосфера, Хидросфера и Биосфера***

__Материјал за подготовка за натпреварите за 7 одделение__: **Соодветни материјали со релевантни информации и податоци според содржини во наставната програма за 7 одд.**

*Општинските натправари: 04.03. 2023 година со почеток во 13:00 часот –****Природно-географски карактеристики на Република Северна Македонија***

*Регионални натпревари: 08.04.2023 година со почеток во 10:00 часот –* ***Природно-географски карактеристики, Население и населби во Република Северна Македонија***

*Државни натпревари 13.05.2023 со почеток во 10:00 часот –* ***Природно-географски карактеристики, Население и населби, Економско-географски карактеристики и Заштита на животна средина на Република Северна Македонија***

__Материјал за подготовка за натпреварите за 8 одделение__: **Учебник по** ***Географија за 8 одделение од авторите Коле Павлов и Ѓорѓи Павловски, во издаваштво на МОН***

*Општинските натправари: 04.03. 2023 година со почеток во 13:00 часот –* ***Природно-географски и социо-географски карактеристики на Европа***

*Регионални натпревари: 08.04.2023 година со почеток во 10:00 часот –* ***Природно-географски, социо-географски карактеристики на Европа и регионална поделба на Европа (Јужна Европа)***

*Државни натпревари 13.05.2023 со почеток во 10:00 часот –* ***Природно-географски, социо-географски карактеристики и регионална поделба на Европа***

__Материјал за подготовка за натпреварите за 9 одделение__: ***Соодветни материјали со релевантни информации и податоци според содржини во наставната програма за 9 одд.***

*Општинските натправари: 04.03.2023 година со почеток во 13:00 часот* **– Азија**

*Регионални натпревари: 08.04.2023 година со почеток во 10:00 часот –* ***Азија, Африка и Америка*** *Државни натпревари 13.05.2023 со почеток во 10:00 часот –* ***Азија, Африка и Америка Австралија и Поларни области***

Организаторот го задржува правото за измени на Календарот согласно условите за реализација на натпреварите.

**Член 4**

Право на натпреварување имаат сите редовни ученици од основното образование кои го изучуваат предметот географија.

На сите нивоа на натпреварување, учениците ги пријавува менторот или друго возрасно лице назначено од менторот или училиштето.

Пријавувањето на натпреварот се врши преку електронска пријава објавена на страната на здружението, најдоцна 15 дена пред започнување на натпреварите.

За веродостојноста на податоците на учениците одговара менторот.

За пријавување и учество на натпреварите **не се плаќа котизација** од страна на учениците или менторите.

**Член 5**

На општинските натпревари им предходат училишни натпревари кои се во согласност со годишната програма за работа на училиштето и се во надлежност на наставниците по географија.

На општинските натпревари учествуваат најдобрите ученици од училишните натпревари.

Едно основно училиште може да учествува со најмногу 3 (три) ученици соодветното одделение, односно со најмногу 3 (три) од 6 одделение, со најмногу 3 (три) од 7 одделение, со најмногу 3 (три) од 8 одделение и со најмногу 3 (три) од 9 одделение, или најмногу 12 ученика од едно училиште.

Општинските натпревари се спроведуваат во сите општини согласно територијалната поделба на Република Северна Македонија и во согласност со одредбите од Правилникот за организирање на натпревари.

Доколку повеќе ученици постигнат ист број на бодови на општинскиот натпревар, сите ученици го делат истото место.

Доколку од општината нема ученик со над 85 бода, прво пласираниот од соодветната општина, се приклучува кон учениците кои се пласирани за регионалниот натпревар, но не помалку од 65% од максимално предвидените бодови на општинскиот натпревар.

**Член 6**

На регионален натпревар можат да учествуваат сите ученици кои освоиле прво, второ и трето место од соодветната општина и сите кои имаат освоено над 85 бода на натпреварот.

**Член 7**

Регионалните натпревари се одржуваат во 21 регион на територијата на целата држава, вклучувајќи го и градот Скопје кој се состои од 4 (четири) региони.

Регионалните натпревари по географија се одржуваат на ист ден во исто време во сите региони.

Градот Скопје претставува една целина и регионалните натпревари по географија за сите училишта од градот се одржуваат на едно место.

Најдобрите ученици со освоено прво, второ и трето место на општинските натпревари (согласно критериумите во Правилникот и Пропозициите), обезбедуваат учество на регионалните натпревари.

Доколку повеќе ученици постигнат ист број на бодови на општинскиот натпревар, сите ученици го делат истото место.

На регионален натпревар можат да учествуваат сите ученици кои освоиле прво, второ и трето место од соодветната општина и сите кои имаат освоено над 85 бода на натпреварот.

**Член 8**

На државен натпревар учествуваат сите ученици кои освоиле прво, второ и трето место на регионалниот натпревар и сите натпреварувачи кои имаат освоено над 85 бода.

Доколку од регионот нема ученик со над 85 бода, прво пласираниот од соодветниот регион се приклучува кон учениците кои се пласирани за државен натпревар, но не помалку од 70% од максимално предвидените бодови на државниот натпреварот.

Кај државниот натпревар, учениците се натпреваруваат во областа на теоретското знаење по пат на тестирање.

Резултатите од натпреварувањето се објавуваат по завршување на натпреварот.

Незадоволните ученици или менторот имаат право на приговор до државната комисија согласно нивото на натпреварот, најдоцна 90 минути по објавувањето на резултатите.

Во комисијата која го разгледува приговорот, задолжително учествува советник од Бирото за развој на образованието на Република Северна Македонија.

Комисијата е должна иститот ден да ги разгледа приговорите и за тоа да го извести подносителот;

Доколку повеќе ученици постигнат ист број на бодови, за прво место на натпревар на државно ниво, се прогласува ученик кој има освоено најмногу бодови со собирање на бодовите од општинскиот, регионалниот и државниот натпревар.

Конечната ранг листа се составува откако ќе се разгледаат сите приговори, а потоа се објавува на официјалната страна на здружението, истиот ден на денот на одржување на натпреварот.

Резултатите од одговорот по приговорот се конечни.

**Член 9**

Натпреварите се одвиваат по пат на тестирање.

Тестирањето на сите нивоа на натпревари трае 60 минути.

На секое ниво на натпревар може да се освојат максимум 100 бода.

Тестовите на знаење на државниот натпревар се кодирани.

Во предвиденото време комисите на сите нивоа се должни да му овозможат непрекинато и непречено тестирање на натпреварувачот.

**Член 10**

Надлежност за вреднување и наградување на резултатите од општинскиот натпревар има Општинската комисија кога натпреварувањето е со физичко присуство.

Надлежност за вреднување и наградување на резултатите од општинскиот натпревар има Државната комисија кога натпреварувањето е онлајн.

На општинските натпревари, дипломи добиваат ученици со освоени прво, второ и трето место.

Сите ученици кои освоиле прво, второ и трето место, продолжуваат на следното ниво на натпреварување, како и во согласност со член 20 од Правилникот.

Менторите добиваат уверение за учество на натпреварите и пофалница за освоено место.

**Член 11**

Рангирањето на сите нивоа на натпревари се врши врз основа на постигнатиот број на бодови на ученикот.

Резултатите од натпреварувањето се јавни и се објавуваат по завршување на натпреварот.

Незадоволните ученици или менторот имаат право на приговор до општинската или регионалната комисија согласно нивото на натпреварот, најдоцна 90 минути по објавувањето на резултатите.

Комисијата е должна иститот ден да ги разгледа приговорите и за тоа да го извести подносителот;

Резултатите од одговорот по приговорот се конечни.

Конечната ранг листа се составува откако ќе се разгледаат сите приговори, а потоа се објавува на официјалната страна на здружението, истиот ден на денот на одржување на натпреварот.

**Член 12**

Надлежност за вреднување и наградување на резултатите од општинскиот натпревар има Општинската комисија кога натпреварувањето е онлајн.

Надлежност за вреднување и наградување на резултатите од општинскиот натпревар има Државната комисија кога натпреварувањето е онлајн.

На регионалните натпревари дипломи добиваат сите ученици со освоени прво, второ и трето место.

Менторите добиваат уверение за учество на натпреварите и пофалница за освоено место.

**Член 13**

Надлежност за наградување на резултатите од државниот натпревар има Комисија за подготовка, организирање и реализирање на натпреварите по географија на Здружението на професори по географија на Македонија „ПРОФ: Д-Р ЉУБЕ МИЛЕНКОВСКИ“– Скопје.

Признанијата, уверенијата и дипломите ги потпишува Претседателот на Здружението на професори по географија на Македонија „ПРОФ: Д-Р ЉУБЕ МИЛЕНКОВСКИ“– Скопје.

Наградите, уверенијата, дипломите и признанијата на учениците и менторите, како и заслужни физички и правни лица, се објавуваат јавно на интернет страната на здружението: www.geograf.mk.

**Здружението на професори по географија на Македонија**

**„ПРОФ: Д-Р ЉУБЕ МИЛЕНКОВСКИ“– Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**Проф. д-р Аце Миленковски**